СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ОЛИВЕРА ЛИВРИНИЌ

за Бутел



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ**
**ЗА НАШИОТ ДОМ!**



„МОЈАТА ВИЗИЈА Е ОПШТИНА ВО КОЈА СЕКОЈ ГРАЃАНИН ЌЕ ИМА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ЈАВНИТЕ УСЛУГИ, ЧИСТА И БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ПОВЕЌЕ МОЖНОСТИ ЗА ЕКОНОМСКИ НАПРЕДОК"

**Драги сограѓани,**

Како жител на Општина Бутел, родител и долгогодишен професионалец со повеќе од две децении искуство во државната администрација и културните институции, имам привилегија да ги познавам и предизвиците и потенцијалот на нашата заедница. Во текот на мојата кариера, како советник и активен учесник во општински проекти, сум работела на иницијативи што донесоа конкретни резултати – од подобрување на инфраструктурата, преку поддршка на образованието, до зачувување и промоција на културното наследство.

Со срце за Бутел – така ја започнувам оваа нова страница, со љубов, одлучност и визија за нашата општина.

Бутел е мојот дом. Ги познавам улиците, маалата, грижите и надежите на секој еден од вас. Затоа одлучив да застанам пред вас како кандидат за градоначалник – не за да ветувам невозможни работи, туку за да работиме заедно, чесно и посветено.

Сите досегашни градоначалници го дале својот придонес за општината и како жител им благодарам за тоа. Немам сомневање дека сите го дале својот максимум, но максимумот им бил дотука, па останале и сериозни пропусти и незавршени работи.

Четири години чекавме за проекти кои се основа на секоја локална самоуправа – чисти улици, сервисирани и асфалтирани патишта, средени јавни простори. Наместо тоа, овие основни обврски на општината, во последниот месец од мандат се најавуваат како капитални проекти и тоа со парите од унгарскиот кредит.

Се кандидирам за градоначалник затоа што верувам дека нашата општина може да биде пример за одржлив развој, модерни услуги и транспарентно управување. Мојата визија е општина во која секој граѓанин ќе има еднаков пристап до јавните услуги, чиста и безбедна средина и повеќе можности за економски напредок.

Во центарот на нашата визија стојат човекот, семејството и заедницата.

Фокусот е на социјалната еднаквост, солидарноста и чистата животна средина.

Моите приоритети се:

- Подобрување на инфраструктурата
- Поддршка на младите, семејствата и локалните бизниси.
- Чиста животната средина и зелени површини.
- Зголемување на транспарентноста и отчетноста на општинската власт.

Ве повикувам да ми ја дадете вашата доверба и поддршка заедно да ја изградиме иднината што ја заслужуваме – иднина на развој, почит и заедништво.

Време е за промени. Време е за нас!

Со срце за Бутел!

Со почит и благодарност,

**м-р Оливера Ливриниќ**
кандидат за градоначалник на Општина Бутел

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Бутел

1. Симон Бешлиев, р. 1994, доктор - специјалист по нуклеарна медицина
2. Мартин Бошковиќ, р. 1996, дипломиран економист
3. Билјана Јаневска, р. 1979, дипломиран инженер - технолог
4. Бранко Аврамовски, р. 1982, дипломиран електро инженер
5. Мартина Миленковска Ристеска, р. 1996, дипломиран физиотерапевт
6. Алма Џуџевиќ, р. 1987, дипломиран политиколог
7. Бранимир Зенговски, р. 2003, спортска гимназија
8. Валентина Димовска, р. 1965, сообраќаен инженер
9. Наташа Давковска-Велевска, р. 1972, вишо угостителство
10. Бејтула Љутви, р. 2000, гимназија
11. Анамарија Бешлиева, р. 1998, дипломиран радиолошки технолог
12. Анастас Талевски, р. 1942, пензионер
13. Бисера Рамадан, р. 1964, ССУ
14. Христијан Бошков, р. 2000, средно медицинско училиште
15. Душка Гостовиќ, р. 1950, пензионер
16. Денис Дациќ, р. 2002, машинско-енергетски техничар
17. Фадил Смаиловиќ, р. 1964, автомеханичар
18. Весела Талевска, р. 1947, пензионер
19. Милисав Бошковиќ, р. 1966, машински техничар

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Во соработка со Град Скопје пуштен во употреба бул. Христијан Тодоровски Карпош од крстосницата со бул. Босна и Херцеговина до обиколницата. Со изградбата на булеварот жителите на Бутел добија алтернативна сообраќајница со која се реши сообраќајниот метеж за граѓаните на населбите Бутел, Радишани, Љуботен и Љубанци кои единствено пристап имаа преку ул. Бутелска. Новиот булевар во должина од 2 км. со велосипедски и пешачки патеки од двете страни, со средишно зеленило и зелен појас од двете страни на булеварот. Поставена е нова водоводна, атмосферска и фекална мрежа, како и целосно ново улично осветлување со 140 столбови.
- Пуштен во употреба бул. Босна и Херцеговина кој се спојува со бул. Словенија. Новиот булевар е во должина од 1.7км. е со велосипедски и пешачки патеки од двете страни, со средишно зеленило и зелен појас од двете страни на булеварот и ново улично осветлување. Со спојување на трите булевари се создаде услови за сериозен развој на инфраструктурата но и за сериозен развој на Општина Бутел.
- Нов кружен тек Бутел 2 - меѓу улиците Втора македонска бригада и Кемал Сејфула, на границите на Општините Бутел и Чаир. Покрај изградбата на кружната раскрсница од 11.5 м. со асфалтна површина од 3800 м2, изведени се водоводна, атмосферска и фекална мрежа. Поставено е и лед-осветлување со 24 нови канделабри со висина од 7 м. Со ова се зголеми безбедноста во сообраќајот на жителите на Општина Бутел имајќи во предвид дека во непосредна близина на овој кружен тек се училиштата „Петар Здравковски Пенко“, „Арсениј Јовков“ и Поликлиниката Чаир.
- Изградба - проширување на патот од с. Бутел до с. Љуботен од 1 м. во должина од 5,5 км. Ова е прва реконструкција и проширување на патот со која ќе се олесни движењето на жителите од селата Љуботен, Љуботенски Пат, Љубанци, населбата Хот-Хот и атрактивниот реон над Љуботен, Башинец. Поради лошата инфраструктура, населението кое претежно се занимава со земјоделство имаа потешкотии во производството заради отежнатиот пристап на механизација, но и со пласманот на производството поради отсеченост со градот.
- Реконструкција на ул. Боца Иванова, од кружниот тек до ул. Лазар Трповски кои се исклучително фреквентни, бидејќи водат до влезовите на Градските гробишта Бутел и ги спојуваат Општините Бутел и Шуто Оризари. Обновен е коловозот, нивелирани се постојните шахти и сливници.
- Изградбата на водоводната мрежа за делот од Индустриска зона Визбегово, во должина од 7,34 километри
- Изградба на канализациона мрежа во цела Индустриска зона Визбегово
- Со овие два проекта се реши најголемиот долгогодишен инфраструктурен проблем во зоната.

- Исчистени се 16 депонии на територија на Општина Бутел со средства од буџетот на општината.
- Извршена е заштита и регулација на оштетениот дел на коритото на реката Серава во должина од 170 метри при што се оформи каскаден праг со вградување на бетон.
- Општината изврши реконструкција на 20 сервисни улици во неколку месни и урбани заедници каде што е поставен асфалт со вкупна површина од 13.000 метри квадратни.
- Санација и крпење на ударни дупки на територијата на Општина Бутел со вкупна површина од 1.341 метар квадратен.
- Изградени се десетина пешачки патеки со цел олеснето движење на граѓаните на Општина Бутел со површина од 2.400 квадратни метри.
- Се работеше и на водоводната мрежа, атмосферска и фекална канализација на територијата на Општина Бутел како на пример: изградена е оштетената атмосферска канализација во селото Љуботен во должина од 100 метри, потоа поставена е решетка за регулирање на атмосферски води на крак од улица 30 во Љуботенски Пат, изградена е атмосферска канализација на улица Словенија во должина од 102 метри.
- Набавена е машина за чистење улици наречена металка.
- Набавени се плуг и соларка за чистење на снег.
- Набавена е комбинирана градежна машина ровокопач-товарач.
- Набавени се две товарни возила пикап - марка N1 од товарно отворен тип.
- Набавени се моторни машини за одржување на зелени површини: една телескопска пила, една моторна пила, три моторни коси, три моторни смукалки - дувалки и ножици за жива ограда.
- Капитални инвестиции во реконструкција и санација на детски градинки.
- Изградба и реконструкција на мини детски игралишта и поставување на нова урбана опрема (клупи, канти за отпадоци); изградени се две нови детски игралишта (во Бутел 1 и 2) со целосна опрема и нова електрична инсталација и реконструирани се 15 стари игралишта со поставување на нова опрема),
- Изградена е нова инсталација за осветлување во должина од 3.382 метри, извршена е замена на старите нееколошки 25-ватни светилки и поставени се нови канделабри со штедливи натриумови светилки од 70 вати
- Направиме големи инвестиции во образованието. Квалитетните услови за учење и работа во училиштата се еден од приоритетите во нашиот мандат, особено во основното образование кој е почеток на образовниот процес кај најмладата популација
- Реализирани капитални инвестиции во реконструкција и санација во сите седум основи училишта
- Ги реконструиравме сите постоечки градинки и обезбедивме најдобри услови за престој и играње.

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Ниту еден од приоритетните проекти не е реализиран.
- Нема Поликлиника за која вети дека ќе ја отстапи општинската зграда првиот ден од мандатот. Рок до 2025 година.
- Нема изградено нова полициска станица. Рок до 2025 година.
- Нема нова противпожарен пункт. Рок до 2025 година.
- Уредување на речното коритото на реката Серава почнувајќи од Радишани до Бутел. Направено само на мал дел каде што не се одржува, обраснато со вегетација, средено само сега на крајот на мандатот. Во нашиот мандат, изградениот дел на коритото на реката Серава во Расадник по сите стандарди и уредување на коритото од потегот на ул. „Александар Урдаревски" до Водовод кај Градски гробишта Бутел, од страна на општински служби беше претворен во дива депонија.
- Олимписки спортски комплекс - ниту на повидок.
- Нема модерен плоштад ветен на место на Полициската станица.
- Нема Дом на култура кај постојната Полициска станица, на крајот од мандатот се ветува започнување на градба.
- Нови паркови - на бул. „Христијан Тодоровски Карпош" од левата страна, за што имаше бомбастична најава дека ќе биде меѓу најголемите паркови на територија на Скопје и во населба Радишани кај Коњичкиот клуб. Рок на реализација 2023 година.
- Нови индустриски зони - Првата локација: десната страна на бул. „Христијан Тодоровски Карпош". Втората: на потегот од Кејот на реката Серава кон Градските гробишта Бутел - Рок на изградба 2023 година.
- Нови детски градинки и проширување на веќе постојните капацитети. Нови најави во Расадник и во ОУ „Св. Климент Охридски". Градинка во Расадник нема. Градинката во ОУ „Св. Климент Охридски" сè уште не е отворена, а беа обезбедени средства од програмата ТАФ од Владата на СДСМ во мандатот на претходниот градоначалник.
- Љубанци/Љуботен – водоводната мрежа ветувана и со обезбедени пари од УСАИД на крај на мандат повторно се ветува. -Рок на изградба 2024 година.

**Други ветени проекти:**

- Пробивање на нова улица на другата страна на реката Серава во Радишани - рок на реализација 2024 година.
- Улиците „Радишанска" и „Скоевска", реконструирани од Данела Арсовска.
- Улиците „1558" и „Симче Настевски" во Радишани и

ул. „Натанаил Кучевишки" и „Хо Ши Мин" во Бутел 1 реконструирани од Министерство за транспорт и врски, обезбедени од средства од Владата на СДСМ .

- Целосна реконструкција и поставување тротоари од едната страна на главната улица во населено место Бел Камен.
- Проширување и реконструкција на ул. „Ѓоре Ѓоревски" во Радишани - рок на реализација 2024 година.
- Ветено, а не е изградено проширување на влезот на ООУ „Ацо Шопов" н. Радишани и изградба на паркинг зад училиштето. Рок на реализација 2024 година.
- Нема монтажни гаражи на веќе постојните паркинзи во Скопје Север, Радишани и во Бутел 1 спроти Општината.
- Потпорен ѕид во ул. „48" и ул. „50" во с. Радишани.
- Изградба на нов мост на ул. „52" во с. Радишани.
- Одделување на атмосферска и фекална канализација во Радишани, Бел Камен и Климент Охридски. Рок 2024 година.
- Изградба на атмосферска канализација на кракот кај бул. „Христијан Тодоровски Карпош" и ул. „Алпи" и ул. „Никола Петров" и решавање на проблемот со поплавувањето на домовите - рок на реализација 2024 година.
- Изградба на нова фекална канализација во Љуботенски пат, Расадник, Кучевишка Бара и Климент Охридски.
- Младински културен центар во Радишани - рок на реализација 2025.
- Изградба на летни отворени сцени во сите населени места.
- Развој на планински и манастирски туризам.
- Субвенции за поставување фасади и замена на азбестни покриви во колективните домови во Радишани и Скопје Север .
- Реконструкција на Трговскиот центар Бутел - рок на реализација 2024 година.
- Изградба на инклузивни детски игралишта.
- Дневен центар за деца со пречки во развојот.
- Санација на надвозникот во населено место Визбегово - рок на реализација 2023 година.
- Ново детско игралиште во Визбегово - 2023 година.
- Стационар за кучиња во Визбегово.
- Општината никогаш не била позапуштена: неискосени и пожолтени тревници, сообраќаен хаос, руинирана урбана опрема, преполни канти и контејнери, диви депонии на секој чекор...

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!



# МОЈАТА ВИЗИЈА

Мојата кандидатура за градоначалник на Општина Бутел не е само политичка амбиција, туку обврска да ги решавам нивните проблеми и да создавам општина во која сите ќе бидат горди да живеат. Верувам во Бутел и во потенцијалот на нејзините луѓе, и токму затоа се кандидирам – за да работам за подобра и пофер иднина за сите.

- **Да ја вратиме довербата во локалната власт.**

Во време кога многу граѓани се разочарани од политичките процеси и нивните ефекти, мојот мотив е да ја вратиме довербата на луѓето во локалната власт. Сакам да бидам градоначалник којшто не само што слуша туку и дејствува на потребите на граѓаните.

- **Да го подобриме квалитетот на живот во Бутел.**

Моја цел е да создадам општина што ќе биде чиста, безбедна и здрава за сите нејзини жители. Од подобрена инфраструктура, преку модернизација на јавните услуги, до обезбедување услови за развој на економијата – мојот мотив е да го направиме Бутел место каде што секој ќе сака да живее.

- **Да создадеме можности за младите.**

Се кандидирам затоа што верувам дека младите треба да имаат можности за работа, образование и креативен развој во својата општина. Сакам да ги поттикнам и да ги поддржам младите луѓе да останат и да изградат своја иднина овде, во Бутел. Меѓу другото, ќе се стремиме да обезбедиме финансиска помош за полагање возачки испити, поддршка за младите претприемачи, со цел да развиваат сопствени идеи и бизниси во Бутел, стипендии за средни стручни училишта и за обуки/курсеви за занаети и преквалификација за потребите на бизнис-заедницата во Општина Бутел.

- **Да се води транспарентна и одговорна локална власт.**

Вреди да се работи за јавниот интерес. Мојот мотив е да ја направам Општина Бутел пример за транспарентност и одговорност, со целосен увид во трошењето на јавните средства и обезбедување праведни услуги за сите граѓани.

- **Да создадеме заедничка општина, без поделби.**

Општина Бутел е место што се карактеризира со различни култури, верувања и етнички групи. Мојот мотив е да создадам заедница што ќе биде инклузивна, што ќе ги цени различностите и ќе работи на изградба на вистинска солидарност меѓу сите жители.

- **Да го оставиме Бутел подобар за идните генерации.**

Мојата страст е да оставам наследство што ќе ја подобри иднината на нашите деца и внучиња. Сакам да создадам општина што ќе биде пример за одржлив развој, што ќе биде чиста, зелена и ќе нуди квалитетни услуги и животни услови за сите.

**Мојата визија за Општина Бутел е: чиста, модерна и безбедна општина, каде што секој граѓанин живее достоинствено.**

- **1. Подобрување на инфраструктурата**

• Реконструкција на патишта, подобрување на јавниот превоз и комунални услуги.

• Осветлување и безбедни тротоари во сите населби.

## 2. Економски развој и вработување

• Нова економска зона на десната страна на бул. „Христијан Тодоровски Карпош“.

• Поддршка на малите бизниси и бизнис-заедницата и создавање нови работни места.

• Програми за обука и преквалификација на невработени.

• Програми за обука на жени претприемачи за семејни бизниси (продажба на ракотворби, домашно приготвена храна (зимници, земјоделски органски производи и сл.) )

## 3. Зелена и чиста општина

• Нови паркови, рекреативни зони и чистење на јавни површини.

• Едукација за рециклирање и заштита на животната средина.

## 4. Образование и млади

• Реновирање на училишта и градинки.

• Поддршка на културни и спортски активности за млади.

## 5. Здравје и социјална заштита

• Изградба на нова детска градинка.

• Подобрување на здравствената заштита и социјални програми за стари и ранливи категории.

## 6. Транспарентност и одговорност

• Отворен буџет и дигитализација на општинските услуги.

• Борба против корупцијата и партизацијата.

**Заедно ќе го изградиме Бутел каков што го заслужуваме – општина за сите!**


СДСМ
БУТЕЛ
www.sdsmbutel.org
СДСМ БУТЕЛ

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Наша цел е да создадеме општина што ќе биде поврзана, инклузивна и напредна, каде што секој граѓанин, без разлика на возраст, пол или социјален статус, ќе има можност за напредок и подобар живот. За да го постигнеме ова, ќе работиме на проекти и активности што се фокусирани на клучните целни групи и области што се најважни за развојот на општината.

- **1. Млади:**

Младите се нашата иднина, и нивниот развој е клучен за создавање модерна и одржлива општина. Ќе создадеме поволни услови за нивниот развој преку:

**За најмладите:** Изградба на нова детска градинка; бесплатен престој во градинките за жители на Општина Бутел, финансиска поддршка за секое новороденче, бесплатен оброк за учениците од 1 до 5 одделение; поддршка за обезбедување на училиштен прибор; бесплатна еднодневна екскурзија по програмата на МОН; обезбедување помош за летување на деца од социјален ризик; финансиска поддршка за одмор на децата од социјално ризични семејства; Стипендии за талентирани ученици; Стипендии за средни стручни училишта, курсеви за занаети и преквалификации потребни на бизнис заедницата во Општина Бутел.





**Образование и обука:** Подобрување на квалитетот на образованието во училиштата и градинките и создавање можности за преквалификација и професионална обука за младите.

**Програми за волонтирање и практикантски искуства:** Поддршка на младите преку волонтерски активности, проекти и стажирања што ќе им помогнат да стекнат искуство и да се вклучат во локалниот развој.

**Младински центри и простори за креативност:** Создавање простори за културни и уметнички изрази, спорт и развој на нови хобија и интереси.

**Поддршка за стартап-бизниси:** Развој на младински претприемачки програми што ќе ги охрабрат младите да започнат сопствени бизниси.

- **2. Пензионери и стари лица:**

Пензионерите и старите лица заслужуваат пристојни услови за живот. Ќе работиме на:

**Подобрување на здравствените услуги:** Мобилни здравствени тимови за старите лица.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

**Социјални и рекреативни активности:** Финансиска и материјална поддршка на клубови за пензионери и пензионери со инвалидитет, каде што ќе можат да се дружат и да учествуваат во културни активности.

**Поддршка за стари изнемоштени лица:** Програми за социјална поддршка, како што се мобилни тимови за помош во домаќинствата и доделување помош за лекови.

**Финансиска поддршка од 6.000 денари** за пензионерите со минимална пензија, со цел да им се обезбеди достоинствена старост.

- **3. Животна средина:**

Зелената општина е од витално значење за квалитетот на животот. Нашите активности ќе бидат насочени кон:

**Чиста околина:** Редовно одржување на јавната хигиена во секое маало, проширување и обнова на зелените површини. Нова урбана опрема (клупи и канти за џебен отпад на секои 150 метри).

Редовно собирање отпад и поставување контејнери за кабаст отпад, распоредени на повеќе места низ општината. Воведување



системи за рециклирање и поттикнување на граѓаните да се вклучат во еколошки активности.

**Зелени површини:** Изградба на нови паркови, спортски терени и зеленило на јавни простори.

**Одржлив транспорт:** Промоција на јавниот превоз, велосипедски патеки.

**Финансиска поддршка** за велосипеди и електрични тротинети.

**Финансиска поддршка** за инвертери, соларни бојлери и соларни панели за домување.

**Финансиска поддршка** за енергетско-ефикасни фасади и замена на покривни конструкции на објектите за колективно домување

- **4. Култура и спорт:**

Културниот и спортскиот живот е клучен за благосостојбата на заедницата. Ќе инвестираме во:

**Изградба на Дом на култура: „Креативен центар Бутел: Простор за иднината на младите и креативни индустрии"**

**Поддршка на културни настани:** Организирање фестивали, концерти, изложби и театрални претстави што ќе ја промовираат културата и уметноста на Бутел.

**Спортска инфраструктура:** Реконструкција и изградба на спортски терени и други објекти што ќе им овозможат на младите и возрасните да се занимаваат со спорт.

- **5. Транспорт:**

Подобрување на сообраќајната инфраструктура за полесен и побезбеден превоз:

**Реконструкција на патиштата:** Обновување и проширување на патиштата и улиците во сите населби.

**Развој на јавен превоз:** Изнаоѓање сообраќајно решение со Град Скопје за проширена мрежа на автобуски линии, помали автобуси за општини и населби што не се добро поврзани со центарот на градот.

**Заедно ги менуваме состојбите во Општина Бутел! Нашата општина има потенцијал да стане пример за развој, инклузивност и благосостојба. Со иновативни и приспособени проекти за секоја целна група, ќе создадеме заедница што ќе расте и ќе напредува заедно. Со вашата поддршка, ќе го изградиме Бутел за сите!**

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Дом на култура: „Креативен центар Бутел: Простор за иднината на младите и креативни индустрии“

Проектот за изградба на Центар за млади и креативни индустрии има цел да создаде иновативен простор што ќе ги обедини младите од различни области на интерес, како што се уметност, технологија, дизајн, претприемаштво и култура. Центарот ќе понуди модерни работни простории, училници, студија за креативни индустрии, како и простори за културни и образовни настани. Проектот ќе вклучува:

- Модерни работни простории за млади претприемачи и креативци.
- Конференциски и семинарски сали за едукација, тренинзи и работилници.
- Спортски и рекреативни терени за активен начин на живот.
- Простори за културни настани (концерти, изложби, театарски претстави и сл.).
- Деловни простории (заради економска оправданост).
- Инкубатори за стартапи и менторски програми за младите претприемачи.

Центарот ќе биде отворен за сите млади од Општина Бутел и околните општини, создавајќи можности за личен и професионален развој.

**Влијание на проектот:**

- Економско влијание: Центарот ќе стимулира локалната економија преку развој на мали и средни претпријатија, обезбедување работни места и поттикнување на претприемничката активност кај младите.
- Културно влијание: Културните и уметничките активности ќе создадат нови можности за изразување и ќе го подобрат културниот идентитет на општината.
- Социјално влијание: Проектот ќе помогне во намалување на младинската анимираност и ќе понуди алтернативи за развој и самоусвојување вештини и знаења.
- Влијание на животната средина: Центарот ќе биде изграден со високите стандарди за еколошка одржливост, користејќи обновливи извори на енергија, системи за рециклирање и зелени технологии.

Проектот ќе создаде простор каде што младите ќе можат да ги развиваат своите идеи, да учат нови вештини и да ги претворат своите пасии во кариера.

**Целна група:**

- Млади лица (14-30 години) од Општина Бутел и околните општини што се заинтересирани за креативни индустрии, технологии, уметност, дизајн и претприемаштво.





- Млади претприемачи што сакаат да започнат свои бизнис или да учествуваат во стартап-програми.
- Студенти и учесници во едукативни програми што ќе имаат можност да се обучуваат и стекнат нови вештини во разни области.
- Сите граѓани
- Културни и уметнички групи што ќе користат простор за настапи, изложби и други уметнички настани.

**Рок на реализација**

- Подготвителна фаза: 18 месеци (дизајн, планирање и добивање дозволи).
- Изградбена фаза: 12 месеци (физичка изградба и внатрешно уредување).
- Започнување со работа: 30 месеци од стартот на проектот.

Проектот е планиран да започне во следната година, со цел да се заврши за три години.

**Буџет** 93.000,000

- Изградба на објект: 49.000,000
- Интерни системи и инфраструктура (електрична, водоводна и канализациска мрежа, системи за рециклирање и одржување на животната средина): 18,600,000
- Внатрешно уредување (работни простории, конференциски сали, студија за креативни индустрии): 18,600,000
- Програми за младински стартапи и менторство: 6.200,000

Буџетот ќе се финансира преку Општина Бутел, национални грантови, европски фондови и приватни инвеститори.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Изградба на нова детска градинка во Расадник

Проектот опфаќа изградба на современ и енергетски ефикасен објект за згрижување деца од предучилишна возраст. Градинката ќе биде изградена според највисоки безбедносни стандарди, со современо внатрешно уредување и опрема.

**Влијание на проектот:**

Подобрување на условите за згрижување и образование на најмладите.

Намалување на бројот на деца на листи за чекање.

Поддршка за родителите преку олеснето учество на пазарот на трудот.

Подигнување на квалитетот на животот во заедницата.

**Целна група:**

Деца од предучилишна возраст, Родители и семејства од општината, Локалната заедница.

**Рок на реализација** Вкупно: 36 месеци.

**Фази на реализација**

Подготвителна фаза (6-12 месеци):

Изработка на проектна документација.

Обезбедување дозволи и согласности.

Финансирање и јавна набавка.

**Изградбена фаза (9 – 12 месеци):**

- Темели и конструкција.
- Градежни работи.
- Инсталација на интерни системи и инфраструктура.
- Енергетско-ефикасна фасада, покрив и завршни работи.

**Започнување со работа (1–2 месеци):**

- Внатрешно уредување и опремување.
- Уредување двор и игралиште.
- Добивање употребна дозвола.





## Буџет

| Компонента | % од буџет | Проценета сума мкд |
|---|---|---|
| Изградба на објект | 60 % | 1,860,000 |
| Интерни системи и инфраструктура | 20 % | 620,000 |
| Внатрешно уредување и опрема | 15 % | 465,000 |
| Подготвителни активности и документација | 5 % | 155,000 |
| **Вкупен буџет** | **100 %** | **3,100,000** |

(Сумите се примерни и подлежат на финална пресметка.)

### Изградба на објект

Модерен објект со високи стандарди на енергетска ефикасност, пристапност за лица со попреченост и безбедносни решенија.

### Интерни системи и инфраструктура

Целосна инсталација на електрика, водовод, канализација, греење и ладење, интернет, противпожарна заштита и видео надзор.

### Внатрешно уредување

Опремување училници, спални, кујна, санитарии, канцеларии и игралиште со зеленило и детски реквизити.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Зелен Бутел: Создавање јавен парк и рекреативни зони за сите генерации

Проектот за изградба на јавен парк и зони за рекреација ќе ги трансформира урбаните простори на Општина Бутел во зелени и активни области што ќе им бидат на располагање за сите жители. Централната компонента на проектот е изградба на голем јавен парк, обележен со пешачки патеки, детски игралишта, спортски терени, рекреативни простори и зеленило.

**Проектот ќе вклучува:**

- Изградба на простор за спорт и рекреација: Спортски терени за фудбал, кошарка, тенис, и фитнес на отворено.
- Тротоари и велосипедски патеки: За активен транспорт и поголема поврзаност на населбите.
- Рекреативни и друштвени простори: Места за одмор, дружби, пикници и културни настани.
- Засадување на зелени површини: Претежно дрвја, цветни градини и други растенија што ќе го подобрат квалитетот на воздухот и ќе ги ублажат климатските промени.
- Простори за едукација и свест за животната средина: Организирање едукативни работилници и настани за екоповедение и заштита на животната средина.

Проектот ќе се изведе во неколку фази, со почетна изградба на главната зелена површина и постепена интеграција на додатните рекреативни и спортски зони.

**Влијание на проектот:**

- Еколошко влијание: Зголемување на зелените површини во урбаните области, што ќе резултира во подобар квалитет на воздухот и намалување на ефектите на климатските промени. Парковите и зелените површини ќе помогнат во санирање на урбаните топлотни острови и ќе обезбедат нови живеалишта за локалната флора и фауна.
- Здравствено влијание: Преку создавање простори за физичка активност и рекреација, проектот ќе ја поттикне активноста на граѓаните, што ќе доведе до подобрување на нивното физичко и ментално здравје.
- Социјално влијание: Парковите и рекреативните простори ќе ги обединат жителите, ќе создадат можности за нови друштвени интеракции и ќе ја зајакнат заедницата. Ова ќе ги охрабри луѓето да ги користат јавните простори за забавни и културни активности.
- Економско влијание: Развивање на зелени површини може да ја зголеми атрактивноста на општината, што ќе привлече нови инвеститори и туризам. Исто така, проектот ќе ги поддржи малите бизниси, како што се локални кафетерии, ресторани и продавници што се поставени во близина на парковите.

**Целна група:**

- Граѓаните на Општина Бутел: За сите старосни групи, од деца до стари лица, кои ќе имаат можност за рекреација, спорт и одмор.





- Млади луѓе и спортски ентузијасти: Кои ќе имаат простор за физичка активност, спорт и здрав начин на живот.
- Семејства со деца: За кои ќе се обезбедат безбедни и интересни игралишта и рекреативни простори.
- Туристи и посетители: Проектот ќе ја зголеми атрактивноста на Бутел како дестинација за одмор и рекреација.
- Едукативни и социјални групи: Кои ќе учествуваат во едукативни активности и настани поврзани со екосвеста и животната средина.

**Рок на реализација**

- Подготвителна фаза (планирање и добивање дозволи): 6 месеци
- Изградбена фаза: 12 месеци за изградба на главниот парк и првите рекреативни зони.
- Фаза на дополнителни активности (засадување на зелени површини, спортски терени, едукативни активности): 6 месеци.

Проектот се очекува да биде завршен за 48 месеци од почетокот на изградбата.

**Буџет:**

43.400,000 мкд

Буџетот ќе се финансира преку Општина Бутел, европски фондови за животна средина и можни приватни инвеститори или партнерства со НВО-организации што работат на еколошки иницијативи.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Стационар за кучиња во Општина Бутел

Општина Бутел, како урбана средина што брзо се развива, се соочува со сериозен предизвик поврзан со зголеменото присуство на скитнички и напуштени кучиња. Недостигот на институционална грижа за овие животни резултира со негативни последици за заедницата: зачестени пријави од граѓани за инциденти со кучиња, појава на болести, нарушена безбедност, како и етичка дилема за хуман третман на животните.

Овој проект има цел да одговори на тој предизвик преку изградба на модерен стационар за кучиња, кој ќе служи како трајно решение за згрижување, нега и третман на напуштените животни. Стационарот ќе располага со инфраструктура за:

- сместување до 100 кучиња со можност за проширување,
- карантин-зона за новопримени животни,
- ветеринарна ординација за стерилизација, вакцинација и основен третман,
- административен дел и зони за рехабилитација и социјализација.

Проектот ќе се реализира во соработка со јавно-приватно партнерство, невладини организации за заштита на животни и ветеринарни служби. Ќе биде поставен систем за регистрација, следење и вдомување на кучињата преку дигитална платформа.

Дополнително, предвидена е едукативна компонента со кампањи за одговорно сопственииштво, важноста од стерилизација и можностите за вдомување, што ќе овозможи долгорочна промена во односот на заедницата кон животните.

**Влијание на проектот:**

Реализацијата на стационарот ќе има директно и долгорочно влијание врз:

- Намалување на бројот на скитнички кучиња на јавни површини;
- Зголемена безбедност за жителите, особено децата и постарите лица;
- Подобрување на јавното здравје, преку редовна вакцинација и медицински надзор на животните;
- Хуман третман на животните, согласно со националното законодавство и европските стандарди;
- Зголемување на свеста и ангажманот на заедницата преку вклучување во процесот на вдомување и грижа;
- Подобра слика за Општина Бутел како општина што се грижи за животната средина, здравјето и хуманоста.

### Целна група:

- Напуштените и скитнички кучиња на територијата на Општина Бутел.
- Жителите на Општина Бутел, особено семејствата со деца и постари граѓани.
- Ученици и млади, преку едукативни кампањи и вклучување во активности за вдомување.
- Ветеринари, комунални служби, НВО и волонтери што работат на заштита на животни.

### Рок на реализација

Проектот е предвиден да се реализира во рок од 16 месеци, поделени во следниве фази:

| Фаза | Времетраење |
|---|---|
| Избор и уредување на локација | 2 месеци |
| Изработка на проектна документација | 4 месеци |
| Градежни активности | 8 месеци |
| Опремување и инсталација | 2 месеци |
| Вработување и обука на кадар | 1 месец |
| Пуштање во употреба и промоција | 1 месец |

### Буџет

Средства на Општина Бутел, меѓународни фондови и јавно-приватно партнерство

Проценетиот буџет за реализација на проектот изнесува: 9.800.000 МКД

(Износот е приближен и ќе биде прецизиран по завршување на проектната документација.)

| **Буџетска ставка** | **Износ (МКД)** |
|---|---:|
| Проектирање и дозволи | 600.000 |
| Градежни работи | 5.900.000 |
| Опрема (кафези, инфраструктура) | 1.500.000 |
| Ветеринарна и медицинска опрема | 1.000.000 |
| Персонал и обука (првична фаза) | 300.000 |
| Кампањи, промоција и веб-платформа | 500.000 |
| **Вкупно:** | **9.800.000** |

# ПРОЕКТИ

## Културна вечер во Бутел

Проектот „Културна вечер во Бутел" има цел да ја оживее културната сцена во општината и да создаде можности за локалните уметници, талентирани млади луѓе и културни работници да ги покажат своите способности и дела пред пошироката публика. Проектот ќе се состои од редовни културни настани што ќе се организираат на месечно ниво, во кои ќе бидат вклучени различни форми на уметност, како што се музички настапи, театарски претставии, изложби на ликовни уметници, поезија, танцови настапи и др.

Настаните ќе се одржуваат на отворени простори, како што се паркови, јавни простории, со цел да се поттикне поголемо учество на граѓаните и да се создаде топла и пријатна атмосфера за сите возрасни групи. За да се поттикне инклузивност и поголема достапност, проектот ќе вклучи и програми за деца и млади, како и за лица со попреченост, со посебни активности што ќе им овозможат активно учество.

Со овој проект, целта е да се создаде традиција на културни настани во Бутел, која ќе ги зближи граѓаните и ќе ја зајакне културната и социјалната свест во заедницата. Паралелно, ќе се обезбедат платформи за локални уметници, музичари и актери, кои ќе можат да се претставаат и да добијат поголема видливост.

Проектот исто така ќе ги вклучи и локалните училишта, што ќе им овозможи на младите уметници од различни возрасти да учествуваат во настапи и културни активности. Ќе се организираат и работилници за развој на уметничките вештини и едукација во врска со културата и уметноста.

### Влијание на проектот:

Проектот „Културна вечер во Бутел" ќе има големо влијание на културниот живот на општината. Прво, ќе ги зближи граѓаните, поттикнувајќи го нивното активно учество во културните и социјалните активности, што ќе придонесе за создавање посилна и поврзана заедница.

Вториот ефект ќе биде поддршка на локалните уметници и талентирани млади луѓе, што ќе им овозможи да ги покажат своите вештини и да добијат признание за своето творештво. Ова ќе го стимулира развојот на уметничките индустрии во општината и ќе создаде нови можности за уметничка изразеност.

Долгорочно, проектот ќе создаде традиција што ќе ги привлече и посетителите од други општини и ќе ја промовира Бутел како културен центар во регионот. Ова ќе има позитивен ефект и на туризмот и на економскиот развој на општината, со поголемо внимание на локалните бизниси и инфраструктура.

**Целна група:**

- Сите граѓани на Општина Бутел, особено оние што сакаат да учествуваат во културни активности и да ја поддржат локалната уметност.
- Млади уметници, музичари, актери, и ликовни уметници што бараат платформи за промоција и развој на своето творештво.
- Ученици и студенти од локалните училишта што ќе имаат можност да учествуваат во културни и уметнички работилници, како и во настани.
- Лица со попреченост, за да се осигури нивно активно учество и инклузија во заедницата.
- Локални уметнички и културни групи што имаат потреба од поддршка и промоција.

**Рок на реализација**

Проектот ќе се реализира во текот на 12 месеци, со редовни месечни настани. Првиот настан може да се организира во првите 3 месеци, а потоа ќе следуваат настаните на секои два или три месеци, во зависност од достапноста на уметниците и просторите.

**Буџет**

Предложениот буџет за проектот е 900.000 денари

# ПРОЕКТИ

## Здрави навики за здрав живот

Проектот „Здрави навики за здрав живот" има цел да ја подобри физичката и психичката благосостојба на граѓаните на Општина Бутел. Проектот ќе вклучува редовни бесплатни спортски активности, како што се групни часови за вежби во паркови, јога и пилатес, како и организирање трки и спортски натпревари. Ќе се понудат и работилници за здрава исхрана, превенција на болести и како да се живее поактивен и подолг живот.

Еден од аспектите на проектот ќе биде и организација на едукативни настани за ментално здравје, каде што граѓаните ќе научат како да се справуваат со стресот и како да го поддржуваат своето психичко здравје.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе има позитивно влијание на здравјето на граѓаните, ќе ја зголеми свеста за важноста на физичката активност и здравата исхрана. Со воведувањето редовни активности, ќе се намали бројот на хронични болести и ќе се поттикне чувство на заедништво и социјална кохезија.

**Целна група:**
Сите граѓани на Општина Бутел, со посебен фокус на млади и стари лица.

**Рок на реализација**
Континуирано 4 години

**Буџет** 3.000.000, денари за организирање активности, инструктор, фитнес-опрема и работилници.





## Безбедни улици за нашите деца

Проектот „Безбедни улици за нашите деца" ќе се фокусира на подобрување на сообраќајната безбедност, особено во близина на училишта и детски градинки. Ќе се поставаат сообраќајни знаци, лежечки полицајци и осветлување, а во соработка со МВР и НВО, ќе се организираат кампањи за подигање на свеста за сообраќајната безбедност меѓу возачите и пешаците. Целта е да се обезбеди безбедно движење за децата и родителите, особено во периодот на школските часови.

Дополнително, ќе се организираат едукативни работилници за учениците за да се научат основите на безбедност во сообраќајот, како и во спроведување на личната заштита кога се движат по улиците.

**Влијание на проектот:**

Со овие активности се очекува да се намали бројот на сообраќајни незгоди во општината, да се обезбеди поголема безбедност за децата и да се подигне општа свест за сообраќајната култура..

**Целна група:**

Деца, ученици и нивните родители.

**Рок на реализација**

6-12 месеци.

**Буџет**

2.000.000, за поставување сообраќајни знаци, осветлување и кампања.

# ПРОЕКТИ

## Инклузија на лица со попреченост

Проектот „Инклузија на лица со попреченост" има цел да обезбеди поддршка и да ги подобри условите за живот на лицата со попреченост во Општина Бутел. Првиот дел од проектот ќе вклучува приспособување на јавните објекти (општински згради, паркови, јавни простори) за лица со попреченост, вклучувајќи изградба на пристапни рампи, поставување приспособени тоалети, како и подобрување на пристапот до јавниот транспорт. Вториот дел од проектот ќе вклучува организирање работилници и едукативни настани што ќе помогнат во интеграцијата на лицата со попреченост во сите аспекти на општественото живеење, особено на работните места, во образованието и во заедничките активности.

Клучна компонента на проектот е формирање Дневен центар за поддршка на лица со попреченост, кој ќе обезбедува:

- дневен престој во стимулативно, безбедно и пристапно опкружување,
- психосоцијална и стручна поддршка,
- дефектолошки, логопедски интервенции,
- активности за социјализација и интеграција во заедницата.

Центарот ќе функционира како општинска установа, со професионален тим: дефектолог, психолог, социјален работник, медицински техничар, негуватели и волонтери. Дополнително, ќе се спроведуваат и обуки за родителите и кампањи за подигање на јавната свест.

Проектот ќе соработува со локални невладини организации и здруженија на лица со попреченост за да се осигури дека сите активности ќе бидат инклузивни и ќе одговараат на реалните потреби на овие лица. Ќе се организираат и обуки за подигнување на свеста кај јавноста за важноста на инклузијата и правата на лицата со попреченост.

Одржливост

- Вклучување на Центарот во редовен општински буџет
- Можности за кофинансирање преку меѓународни фондови, грантови (Министерство за труд и демографија и млади и други меѓународни организации)
- Јавно-приватни партнерства со компании за вклучување во општествена одговорност
- Обука на волонтери и програми за практична настава (во соработка со факултети и училишта)

## Влијание на проектот:

Проектот ќе има значително позитивно влијание врз животниот квалитет на лицата со попреченост, обезбедувајќи им поголема независност и пристап до сите јавни услуги и активности. Овој проект ќе придонесе за зголемување на социјалната инклузија, намалувајќи ја дискриминацијата и создавајќи еднакви можности за сите граѓани. Ќе се поттикне свеста за важноста на инклузивноста и еднаквоста во заедницата.

Дневниот центар, покрај другите функции што ќе ги обезбедува, ќе им помага на децата со попреченост од училишна возраст да поминуваат дел од денот во центарот, од причина што образовните асистенти што ги обезбедува Министерството за образование имаат само 4 часа работен ден.

## Целна група:

Лица со попреченост и нивните семејства, како и целата заедница во Општина Бутел, која треба да научи како да ги поддржи овие лица.

## Рок на реализација

12 месеци.

## Буџет

5.000.000 денари, распределени за приспособување на инфраструктура, обуки, работилници и кампањи за свест.

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

### Визбегово

1. Планирање и изградба на тротоари на улиците (сите улици во Визбегово немаат тротоари)
2. Реконструкција и асфалтирање на улиците и нивните краци
3. Поставување лежачки полицајци
4. Стационар за кучиња
5. Мини плоштад со урбана опрема во центарот
6. Детска градинка во просториите на старото училиште
7. Ќе се работи на подигнување на хигиената
8. Воведување автобуска линија (Радишани – Визбегово - Карпош) во соработка со Град Скопје

### Цветан Димов

1. Изградба на катни гаражи кај Економското училиште и зад мини трговскиот центар во Скопје Север
2. Ќе се осветлат влезовите  со поставување фотоволтаици на покривите на зградите
3. Ќе се маркираат паркинг-просторите
4. Финансиска поддршка за енергетско-ефикасни фасади и замена на покривни конструкции на објектите за колективно домување
5. Парк со зеленило
6. Ќе се работи на подигнување на хигиената
7. Реконструкција на пристапните патеки
8. Поставување лежечки полицајци

### Бутел 1

1. Чистење на коритото на реката Серава
2. Пешачка и велосипедска патека
3. Изградба на Центар за спорт и рекреација
4. Финансиска поддршка за енергетско-ефикасни фасади и замена на покривни конструкции на објектите за колективно домување
5. Парк со зеленило и урбана опрема
6. Поставување улични канти за ситен отпад
7. Поставување на лежечки полицајци

### Радишани

1. Покривање на пазарот во Радишани
2. Средување на малите мостови што се веќе дотраени
3. 2 катни гаражи кај трговските центри на прв и втор влез
4. Финансиска поддршка за енергетско-ефикасни фасади и замена на покривни конструкции на објектите за колективно домување
5. Воведување автобуска линија (Радишани - Визбегово - Карпош / Бутел - Железара - Аеродром) во соработка со Град Скопје
6. Парк со зеленило и урбана опрема и вештачка карпа за спортско качување
7. Поставување улични канти за ситен отпад
8. Реконструкција и асфалтирање на сите оштетени улици
9. Поставување атмосферска канализација во соработка со Град Скопје
10. Изнаоѓање сообраќајно решение за ООУ „Ацо Шопов" во соработка со Град Скопје
11. Поставување лежечки полицајци

### Живко Брајковски

1. Изградба на Дом за култура
2. Проширување на плоштадот
3. Парк со зеленило и урбана опрема и вештачка карпа за спортско качување на левата страна на бул. „Христијан Тодоровски Карпош"
4. Атмосферска канализација на сите краци на ул. „Хо Ши Мин", решавање на децениискиот проблем со поплавување
5. Финансиска поддршка за енергетско-ефикасни фасади и замена на покривни конструкции на објектите за колективно домување
6. Поставување улични канти за ситен отпад
7. Изработка на Детален урбанистички план за Нова економска зона на десната страна на бул. „Христијан Тодоровски Карпош"
8. Поставување лежечки полицајци

### Ферид Бајрам

1. Уредување на просторот кај Тедико со зеленило и фонтана
2. Изградба на атмосферска канализација на бул. „Христијан Тодоровски Карпош", зад автобуската Чаирче
3. Реконструкција на улично осветлување
4. Реконструкција на паркот на ул. „Мара Междуречка"
5. Реконструкција на паркот на ул. „Никола Петров"
6. Реконструкција на паркот спроти ООУ „Петар Здравковски Пенко"
7. Поставување лежечки полицајци

### Расадник

1. Изградба на детска градинка
2. Чистење на коритото на реката Серава
3. Осветлување, изградба на пешачка и велосипедска патека на кејот на реката Серава



# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

4. Изградба на парк за рекреација на деца
5. Реконструкција и асфалтирање на повеќе улици
6. Поставување лежечки полицајци
7. Спојување на ул. „Бутелска“ со Љуботенски пат

- **Љуботенски пат**

8. Реконструкција и асфалтирање на улиците
9. Осветлување на улиците
10. Поставување лежечки полицајци
11. Изградба за парк со зеленило и поставување урбана опрема

- **Кучевишка Бара**

1. Чистење на коритото на реката Серава
2. Осветлување, изградба на пешачка и велосипедска патека на кејот на реката Серава
3. Поврзување на ул. „Призренска“ бр. 8 и ул. „Призренска “
4. Реконструкција на детско и фудбалско игралиште.

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Бутел

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА